22727

ВЕЧЕР, 5.II.1978 г.

# Распродаден

Павле Кузмановски, академски сликар од Тетово, во Домот на културата во неговиот роден град ја прикажа својата втора самостојна изложба.

**— Морам нескромно да признам дека многу сум задоволен од исходот од последнава изложба. Интересирањето беше толку големо, што повеќето од сликите — главно на тема мртва природа и цвеќе — беа откупени, речиси, разграбени. Тоа е убаво, но, сепак, ми причини една тешкотија. Планирав со изложбата да се претставам и во Скопје, но, бидејќи сопствениците си ги зедоа сликите, сега ќе морам да подготвам нови експонати. А за тоа, сепак, е потребно време.**